Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**јуни 2026 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР ........ 3**

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ........ 4

Индекси на прометот во индустријата ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ........ 7

Промет во секторот трговија ........ 7

Инфлација ........ 8

Берзански цени ........ 9

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА ........ 11**

Извоз ........ 11

Увоз ........ 12

Салдо на трговска размена ........ 13

Валутна структура ........ 13

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР ........ 14**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ........ 14

Расходи по буџетски корисници ........ 16

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР ........ 17**

Регистрирани пријави на засниван работен однос и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ........ 17

Плати ........ 18

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР ........ 19**

Примарни пари ........ 19

Депозитен потенцијал ........ 20

Кредити на банките ........ 21

Каматни стапки на депозитни банки ........ 21

Пазар на капитал ........ 22

Девизни резерви ........ 22

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јуни 2026 година

- Во јуни 2026 година, индустриското производство забележа раст од 6,5% во споредба со истиот месец од претходната година;
- Стапката на инфлација во јуни 2026 година изнесува 3,4% на годишно ниво и бележи забавување во однос на претходниот месец (4,8% во мај 2026 година). На месечно ниво, инфлацијата бележи пад од 0,5%;
- Во периодот јануари - јуни 2026 година, извозот се зголеми за 7,9%, додека увозот се зголеми за 7,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 6,8% споредено со истиот период од 2025 година;
- Во периодот јануари – јуни 2026 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 169.929 милиони денари, што претставува 45,3% од планираниот износ за 2026 година, односно зголемување за 8,6% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2025 година;
- Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јуни 2026 година изнесува 206.102 милиона денари, што претставува 49,8% од годишниот план, и бележи зголемување од 10,7% во однос на истиот период од 2025 година;
- Во јуни 2026 година, вкупните кредити се зголемија за 13,1% во споредба со јуни 2025 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 9,9%;
- Просечната исплатена нето-плата во мај 2026 година, достигна 49.544 денари, притоа забележувајќи номинален годишен раст од 8,2% и реален раст од 3,2%. Највисока просечна нето-плата е регистрирана во дејноста „Компјутерско програмирање“ и таа изнесува 109.671 денар.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јуни 2026 година, индустриското производство забележа раст од 6,5% во споредба со истиот месец од претходната година. Растот се должи на зголеменото производство во преработувачката индустрија за 7,9%, додека рударскиот и енергетскиот сектор забележаа пад од 3,8% и 8,2%, соодветно.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Во јуни 2026 година, раст на производството е забележан кај 15 од вкупно 27 индустриски гранки, кои учествуваат со 52,5% во структурата на индустриското производство.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Кај гранките со повисока додадена вредност, во јуни 2026 година е забележан раст кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки за 15,9%, со придонес од 2,6 п.п., производството на метали за 11,4%, со придонес од 0,3 п.п., и производството на електрична опрема за 3,8%, со придонес од 0,3 п.п. Пад е забележан единствено кај производството на машини и уреди, кое се намали за 10,1%, со придонес од -0,6 п.п.

Кај традиционалните гранки, во јуни 2026 година раст на производството е забележан кај преработката на дрво и производи од дрво за 79,1%, со придонес од 0,7 п.п., производството на пијалаци за 11,7%, со придонес од 0,5 п.п., производството на тутунски производи за 11,8%,, со придонес од 0,3 п.п., и производството на кожа за 13,2%, со придонес од 0,1 п.п. Намалување на производството е забележано кај производството на облека за 8,2%, со придонес од -0,5 п.п., производството на текстил за 5,0%, со придонес од -0,2 п.п., и производството на прехранбени производи за 1,5%, со придонес од -0,2 п.п.

Индустриското производство според намената на произведените единици, во јуни 2026 година, во споредба со јуни 2025 година, е зголемено кај интермедијарните производи, освен енергија

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(процентни поени, јуни 2026 година)*




1 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
2 - Производство на други неметални минерални производи
3 - Преработка на дрво и производи од дрво и плута, освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал
4 - Останата производствена индустрија
5 - Производство на пијалаци

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(процентни поени, јуни 2026 година)*




1 - Производство на машини и уреди, неспомнати на друго место
2 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
3 - Производство на облека
4 - Вадење на јаглен и лигнит
5 - Производство на текстил

Извор: ДЗС

(раст од 11,7%, со придонес од 3,7 п.п), капиталните производи (раст од 8,6%, со придонес од 2,1 п.п.), нетрајните произоди за широка потрошувачка (раст од 2,0%, со придонес од 0,6 п.п.) и трајните производи за широка потрошувачка (раст од 8,6%, со придонес од 0,3 п.п.). Намалување е забележано единствено кај групата Енергија (пад од 11,1%, со придонес од -0,8 п.п.).

Во периодот јануари - јуни од 2026 година, индустриското производство забележа раст од 0,9% во споредба со истиот период од претходната година. Гранките со најголем позитивен придонес во растот се: производство на други неметални минерални производи (раст од 32,8%, придонес од 1,3 п.п.), производство на моторни возила, приколки и полуприколки (раст од 3,5%, придонес од 0,6 п.п.) и производство на тутунски производи (раст од 21,6%, придонес од 0,5 п.п.). Најголемо негативно влијание кон растот имаат гранките: производство на облека (пад од 13,9%, придонес од -0,8 п.п.), производство на машини и уреди, неспомнати на друго место (пад од 6,6%, придонес од -0,4 п.п.) и производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (пад од 9,1%, придонес од -0,3 п.п.).

## Број на работници во индустријата

Во јуни 2026 година, бројот на работници во индустријата е намален за 2,3% во споредба со истиот месец од претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во секторите Рударство и вадење камен за 7,7% и Преработувачка индустрија за 2,1%, додека енергетскиот сектор забележа раст за 0,2%. Гранките со најголем пад на бројот на работници се: производство на облека за 11,1%, вадење на руди и метал за 8,7% и вадење на јаглен и лигнит за 7,7%. Раст е забележан кај производството на компјутерски, електронски и оптички производи за 16,0%, производството на тутунски производи за 11,9% и производството на пијалаци за 2,6%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи, во јуни 2026 година во однос на истиот месец од претходната година, покажуваат мал пад на бројот на работници.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – јуни 2026 година бележи пад од 2,9%, што се должи на намалениот број работници во секторите Рударство и вадење камен за 6,9% и Преработувачка индустрија за 2,8%, додека енергетскиот сектор бележи мал раст од 0,3%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во јуни 2026 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,3% во споредба со истиот месец од претходната година. Покачувањето се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 7,4%, Преработувачка индустрија за 2,7%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 11,2% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 7,4%.

Во јуни 2026 година во споредба со јуни 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 10,9%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 4,8% и Трајни произоди за широка потрошувачка за 4,0%

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




На кумулативна основа, во јануари - јуни 2026 година, во споредба со истиот период од претходната година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 4,5%, што се должи на зголемените цени во сите сектори: Рударство и вадење камен за 5,4%, Преработувачка индустрија за 3,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 10,7% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 6,2%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




Во јануари - јуни 2026 година, во споредба со периодот јануари – јуни 2025 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 10,3%, Нетрајни производи за широка потрошувачка за 5,0%, Трајни производи за широка потрошувачка за 3,8% и Интермедијарни производи, освен енергија за 0,7%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во јуни 2026 година, во однос на јуни 2025 година, бележи раст од 11,5%. Растот се должи на зголемениот промет во преработувачката индустрија, за 11,8%, и во рударскиот сектор, за 2,3%. Според пазарниот сегмент, прометот на домашниот пазар се зголеми за 11,0%, додека прометот на странските пазари се зголеми за 12,1%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Во јуни 2026 година, во споредба со јуни 2025 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Капитални производи, за 13,9%, Интермедијарни производи, освен енергија, за 12,3% и Нетрајни производи за широка потрошувачка, за 9,0%. Пад е забележан единствено кај групата Трајни производи за широка потрошувачка, за 8,2%.

Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во јуни 2026 година, во споредба со истиот месец минатата година, се:

- Производство на тутунски производи (раст од 52,4%);

- Производство на компјутерски, електронски и оптички производи (раст од 52,2%); и
- Останата производствена индустрија (раст од 48,0%).

На кумулативна основа, во периодот јануари – јуни 2026 година, во споредба со истиот период минатата година, прометот во индустрија бележи раст од 2,3%, што се должи на зголемениот промет во секторот Преработувачка индустрија, за 2,4%, додека прометот во рударскиот сектор се намали за 0,7%. Според пазарниот сегмент, во овој период прометот на странските пазари е зголемен за 2,2%, додека прометот на домашниот пазар забележа раст од 2,9%.

Во периодот јануари - јуни 2026 година, во споредба со периодот јануари – јуни 2025 година, прометот во индустрија се зголеми во групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка, за 2,8%, Капитални производи, за 2,7% и Интермедијарни производи, освен енергија, за 1,5%. Пад е забележан кај групата Трајни производи за широка потрошувачка, за 3,2%.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите *(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.9: Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јуни 2026)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.10: Предвидена вредност на објектите по региони *(во милиони денари)*




## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во јуни 2026 година, споредено со мај 2026 година, се забележува намалување кај одобренијата за градење (340 одобренија за градење во мај 2026 година). Оттука, бројот на издадени одобренија за градење изнесува 296 што претставува раст од 39,0% во однос на истиот месец од 2025 година. Ваквиот раст се должи на годишниот раст на издадени одобренија за градење за високоградба за 66,7% (кои во вкупниот број издадени одобренија за градење учествуваат со 67,6%), кај објектите за реконструкција за 25,0%, а кај бројот на издадени одобренија за нискоградба се забележува пад за 29,7%. Пад се забележува и кај инвеститорите деловни субјекти, а кај инвеститорите физички лица се забележува раст. Доколку се гледа според региони, се забележува дека бројот на издадени одобренија за градење расте во Вардарскиот, Источниот, Југозападниот, Полошкиот регион и Југоисточниот регион.

Споредено со мај 2026 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 12,9%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јуни 2026 година е повисока за 31,0% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 4,6%.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 200 (или 67,6%) се наменети за објекти од

високоградба, 26 (или 8,8%) за објекти од нискоградба и 70 (или 23,6%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 296 издадени одобренија за градење, на 218 објекти (или 73,6%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 78 објекти (или 26,4%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јуни 2026 година предвидена е изградба на 754 станови со вкупна корисна површина од 64.266м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 10,2% на месечно ниво, а зголемен за 190,0% на годишно ниво.

## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во мај 2026 година изнесува 4.079 милиони денари, што претставува номинален годишен раст од 43,3%, при што раст се забележува кај нискоградбата за 103,1%, а кај високоградбата намалување за 51,7% и кај специјализираните градежни работи за 49,6%. Споредено со април 2026 година, вкупната вредност на извршените градежните работи бележи раст од 11,8%, и тоа кај нисокоградбата за 44,2%, а кај високоградбата се забележува намалување за 51,1% и кај специјализираните градежни работи за 69,6%. Кумулативно, во периодот јануари – мај 2026 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 15.276 милиони денари, што е за 22,8% повеќе во споредба со истиот период минатата година.




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во периодот јануари - мај 2026 година се извршени градежни работи во вредност од 11.419 милиони денари, односно за 49,5% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај специјализираните градежни работи се зголеми за 11,1% и изнесува 724.217 иљада денари, а кај високоградбата вредноста на извршените работи изнесува 3.133 милиони денари, односно за 24,5% помалку во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - мај 2026 година се зголеми за 20,2%, при раст кај нискоградбата (46,2%) и кај специјализираните градежни работи (9,0%), а пад кај високоградбата (25,9%).




## Промет во секторот трговија

Во јуни 2026 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот за 7,2%, по падот од 4,6% во мај 2026 година. Вредноста на прометот во јуни 2026 година изнесува 64.903 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари -

јуни 2026 година вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 365.484 милиони денари, што е за 7,1% помалку во однос на истиот период од минатата година.

Кумулативно во периодот јануари - јуни 2026 позитивен раст на прометот е забележан единствено кај секторот трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 168.841 милион денари, што е за 6,3 % повеќе во споредба со истиот период од минатата година, додека пад е забележан кај трговија на моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 22.176 милиони денари, односно е за 8,6% помалку во однос на истиот период од минатата година и кај трговија на големо, чија вредност на прометот за тој период изнесува 174.467 милиони денари, односно е за 17,1% помалку во однос на истиот период од минатата година.

На реална основа, во јуни 2026 година трговијата на мало бележи годишен пад од 1,0%, исто така анализирано по групи и класи, намалување се забележува и во групата: трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 4,2%, додека зголемување се забележува кај трговија на мало со непрехранбени продукти за 1,4% и трговија на мало со автомобилски горива за 2,5%.

Во јуни 2026 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (48,5%), а потоа следуваат Трговија на мало (45,7%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,8%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јуни 2026 година изнесува 3,4% на годишно ниво и бележи забавување во однос на претходниот месец (4,8% во мај 2026 година). Базичната инфлација и прехранбената компонента и понатаму остануваат главни двигатели на ценовните притисоци. Цените на храната покажуваат смирување во споредба со претходниот месец, поради исцрпувањето на ефектот од пониската споредбена основа, кој придонесе за повисок раст во март и април, поврзан со мерките за ограничување на маржите на основните прехранбени производи воведени во истиот период минатата година. Просечната инфлација во првата половина од 2026 година изнесува 4,1% на годишно ниво.

Базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергенсите) во јуни 2026 година регистрираше забавување споредено со претходниот месец и изнесува 3,5% на годишна основа (4,6% во мај).

Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, овој месец се зголемија за 2,5% и истите забележуваат забавување на растот во споредба со претходниот месец (4,8% во мај), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација изнесува 1,0 п.п. и истиот е намален за 0,9 п.п. во споредба со претходниот месец.

Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: месо[1] (годишен раст од 7,8% и придонес од 0,7 п.п.), млеко, други млечни производи и јајца (годишен раст од 4,8% и придонес од 0,4 п.п.), масла и масти (годишен раст од 7,2% и придонес од 0,1 п.п.) и безалкохолни пијалаци (годишен раст од 2,9% и придонес од 0,1 п.п.).

Гледано по компоненти, раст на цените е регистриран кај сите категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 9,3%, Транспорт за 6,2%, Рекреација, спорт и култура од 5,1%, Ресторани и услуги за сместување од 4,8%, Услуги за образование за 4,6%, Покуќнина, опрема за домаќинства и редовно одржување на домаќинствата од 4,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 2,8%, Информации и комуникации од 2,8%, Храна и безалкохолни пијалаци од 2,5%, Облека и обувки од 2,1%, Здравствена заштита од 1,8%, Осигурување и финансиски услуги од 1,7% и Лична нега, социјална заштита и разновидни стоки и услуги од 1,6%.

Потрошувачките цени во јуни се намалија за 0,5% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,6%) и притоа најголем придонес кон падот имаа цените на храната кои се намалија за 1,2% и придонес од 0,4 п.п.. На месечно ниво, освен храната придонес во падот имаа и цените на патничките услуги пред се воздушниот сообраќај, додека цените на горивата се зголемени.


Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан


Во Еврозоната стапката на инфлација во јуни 2026 година се намали на 2,8%[2] од 3,2% во мај 2026 година.

Според најновите проекции на Европската централна банка (ЕЦБ), инфлацијата во еврозоната во 2026 година е ревидирана нагоре за 0,4 п.п., односно се очекува да изнесува 3,0%, по што се очекува да се намали на 2,3% во 2027 година и 2,0% во 2028 година, приближувајќи се кон целното ниво од 2%. Ревизијата на проекцијата за инфлацијата е главно резултат на повисоките очекувања за цените на енергијата, особено на нафтата, како последица на зголемените геополитички тензии и нарушувањата во снабдувањето.

## Берзански цени

Во јуни 2026 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи забележа пад од 20,6% на месечно ниво, достигнувајќи 85,4 долари за барел. Падот на цената е главно поради намалувањето на геополитичките тензии на Блискиот Исток и намалените стравувања од нарушувања во снабдувањето. Дополнителен надолен притисок врз


Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*

Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

[1] Согласно новата класификација, поткатегоријата месо е дефинирана како 'Живи животни, месо и други делови од заклани копнени животни

[2] Податокот е процена на Евростат

цените создадоа очекувањата за послаба глобална побарувачка и зголемена понуда на нафта.. На годишно ниво, цената на нафтата се зголеми за 19,4%.

Цената на природниот гас се намали за 2,4% на месечно ниво, главно поради намалувањето на геополитичките ризици и подобрените очекувања за снабдувањето. Во јуни, цената на природниот гас се зголеми за 14,1% на годишно ниво.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Цената на електричната енергија во јуни 2026 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 124,67 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 17,1%. Во јуни цената на електричната енергија се зголеми за 48,2% на годишно ниво.

Цените на повеќето основните метали во јуни 2026 година регистрираа намалување на месечно ниво и тоа: никел за 6,5%, алуминиум за 6,2%, олово за 2,3% и калај за 1,0%. Раст регистрираа цинкот за 1,6% и бакарот за 0,1%. Железната руда регистрираше пад од 7,2% на месечно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

На месечна основа, во јуни 2026 година, цените на благородните метали регистрираа намалување на месечно ниво, па така цената на среброто се намали за 14,5%, платината за 13,6% и златото за 7,8%.

Во јуни цената на пченката и пченицата се намалија на месечно ниво за 8,8% и 8,5%, соодветно. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 0,3% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Електрична енергија (EUR/MWh) | Брент сурова нафта($/bbl) | Природен гас – Европа ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2025 I | 140,2 | 79,2 | 518,8 |
| II | 158,9 | 75,2 | 542,8 |
| III | 109,0 | 72,6 | 468,3 |
| IV | 85,5 | 67,6 | 410,1 |
| V | 80,9 | 64,2 | 412,7 |
| VI | 84,1 | 71,5 | 437,6 |
| VII | 103,3 | 71,0 | 411,2 |
| VIII | 80,5 | 68,2 | 394,4 |
| IX | 101,9 | 68,0 | 393,3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| X | 122,1 | 64,7 | 385,2 |
| XI | 124,4 | 63,6 | 368,7 |
| XII | 115,88 | 62,7 | 335,5 |
| 2026 I | 150,41 | 66,8 | 415,9 |
| II | 113,29 | 71,2 | 397,6 |
| III | 117,40 | 103,7 | 633,6 |
| IV | 96,55 | 120,4 | 545,2 |
| V | 107,54 | 106,5 | 572,1 |
| VI | 124,67 | 85,4 | 563,7 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите шест месеци од 2026 година изнесува 10.476,2 милиони евра и бележи раст од 7,7% во однос на истиот период од минатата година.

Во периодот јануари – јуни 2026 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,8 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 58,5%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена, учеството на трговската размена со Германија во првите шест месеци од 2026 година изнесува 20,0% и е намалено за 1,2 п.п. во однос на истиот период од 2025 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија *(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - јуни 2026 година изнесува 4.361,5 милиони евра и бележи раст од 7,9% (318,1 милион евра) во однос на истиот период од 2025 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 4,8% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во јуни 2026 година изнесува 827,3 милиони евра и бележи раст од 18,9% (131,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 16,2% споредено со јуни 2025 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2026 година извозот бележи раст од 10,0% (75,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен раст од 4,5%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (5,5 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите шест месеци од 2026 година е зголемена за 2,1 милион евра, што претставува раст од 0,7% во однос на истиот период од 2025 година, а количината на извезената храна е зголемена за 8,2%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првиот шест месеци од 2026 година изнесува 6,4% и е намалено за 0,5 п.п. во однос на истиот период од 2025 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (39,6%), жита и преработки од жита (22,6%), млечни производи и јајца (11,0%) и месо и преработки од месо (9,4%).

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите шест месеци од 2026 година изнесува 6.114,8 милиони евра и бележи раст од 7,6% (429,7 милиони евра) во однос на истиот период од 2025 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 11,0%.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во јуни 2026 година изнесува 1.142,7 милиони евра и бележи раст од 15,9% (156,5 милиони евра) во однос на истиот месец од 2025 година, а увезените количини стоки се зголемени за 15,4% споредено со јуни 2025 година.

Анализирано на месечно ниво, во јуни 2026 година увозот бележи раст од 12,0% (122,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 7,6%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите шест месеци од 2026 година е намалена за 4,9 милиони евра, што претставува пад од 0,9% во однос на истиот период од 2025 година, а количината на увезената храна е намалена за 2,5%. Во првите шест месеци од 2026 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 8,9% и е намалено за 0,8 п.п. во однос на истиот период од 2025 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,5%), овошје и зеленчук (16,8%),

жита и преработки од жита (13,5%), кафе, чај, како, зачини и производи од нив (11,7%) и млечни производи и јајца (10,4%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2025 | I-VI-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 38,6 | 100,5 | 61,9 | 160,3 |
| Мил. ЕУР | 26,7 | 105,0 | 78,3 | 292,9 |
| Мил.$ | 29,2 | 122,3 | 93,1 | 319,1 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2025 | I-VI-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 556,7 | 585,7 | 29,0 | 5,2 |
| Мил. ЕУР | 340,5 | 461,1 | 120,6 | 35,4 |
| Мил.$ | 371,8 | 537,7 | 165,9 | 44,6 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2025 | I-VI-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 38,5 | 35,6 | -2,9 | -7,5 |
| Мил. ЕУР | 855,8 | 933,9 | 78,1 | 9,1 |
| Мил.$ | 936,9 | 1.089,7 | 152,8 | 16,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2025 | I-VI-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 16,5 | 16,1 | -0,4 | -2,5 |
| Мил. ЕУР | 89,1 | 82,0 | -7,2 | -8,0 |
| Мил.$ | 97,4 | 95,7 | -1,7 | -1,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2025 | I-VI-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 357,7 | 359,3 | 1,6 | 0,4 |
| Мил. ЕУР | 271,6 | 257,0 | -14,6 | -5,4 |
| Мил.$ | 296,2 | 299,6 | 3,4 | 1,1 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-VI-2025 | I-VI-2026 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 413,8 | 386,0 | -27,8 | -6,7 |
| Мил. ЕУР | 260,5 | 234,7 | -25,7 | -9,9 |
| Мил.$ | 284,3 | 273,7 | -10,6 | -3,7 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јуни 2026 година, трговскиот дефицит се зголеми за 8,5% односно 24,7 милиони евра споредено со јуни 2025 година.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - јуни 2026 година, трговскиот дефицит се зголеми за 6,8% односно 111,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка, како и намалување на суфицитот кај транспортната опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалување на дефицитот кај размената со стоки за инвестиции, горива и мазива, и храна и пијалаци.

Во првите шест месеци од 2026 година, значително најголем дел од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, а потоа следуваат: Кина, Грција, Турција, Италија, Србија и други. Значително најголем суфицит е остварен во размената со Германија, а потоа следуваат: Унгарија, Бугарија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,5% од трговската размена во периодот јануари – јуни 2026 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2025 година претставува зголемување за 0,6 п.п. На страна на извозот и увозот еврото е застапено со 94,7% и 89,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,7 п.п., додека кај увозот е намалена за 0,2 п.п., во однос на јануари – јуни 2025 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - VI - 2025 | | | | | I - VI - 2026 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 3.173,8 | 5.085.202.907 | 61,5947 | 313.221.547.492 | 89,4 | 2.785,0 | 5.460.589.862 | 61,6672 | 336.739.287.136 | 89,3 | 375.386.955 | 7,38 |
| УСД | 349,4 | 600.459.899 | 56,4611 | 33.902.626.389 | 9,7 | 351,1 | 699.247.537 | 52,8819 | 36.977.538.314 | 9,8 | 98.787.638 | 16,5 |
| ГБП | 1,0 | 10.313.939 | 73,1215 | 754.170.725 | 0,2 | 1,0 | 9.563.341 | 71,0840 | 679.800.554 | 0,2 | -750.598 | -7,3 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 3.524,1 | | | 347.878.344.606 | 99,1 | 3.137,1 | | | 374.396.626.004 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 3.535,7 | | | 350.177.530.346 | 100,0 | 3.147,9 | | | 377.116.489.150 | 100,0 | | 7,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – јуни 2026 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 169.929 милиони денари, што претставува 45,3% од планираниот износ за 2026 година, односно зголемување за 8,6% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2025 година. Во рамки на вкупните приходи, 155.462 милиона денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 46,3% од планираниот износ за 2026 година и се забележува раст од 9,2% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 95.425 милиони денари (реализација од 45,2% од планираниот износ за 2026 година и зголемување за 9,7%), додека придонесите се реализирани во износ од 58.752 милиона денари (годишен раст од 7,5%, односно 48,2% од планираниот износ за 2026 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 11,7%, данок на добивка за 14,5%, данок на додадена вредност за 16,4% и увозни давачки за 8,3%, додека приходите по основ на акцизи бележат намалување за 4,1% и другите даночни приходи за 278,1%. Во овој период, неданочните приходи бележат зголемување за 11,5%, капиталните приходи за 20,5%, додека приходите по основ на странски донации бележат пад од 41,9%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – јуни 2026 година изнесува 206.102 милиона денари, што претставува 49,8% од годишниот план, и бележи зголемување од 10,7% во однос на истиот период од 2025 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 186.731 милион денари или 49,9% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 7,6% во однос на истиот период од 2025 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 8,5%, за стоки и услуги за 27,2%, додека каматните расходи бележат намалување за 4,8%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 7,0%, водени од растот кај социјалните трансфери за 9,8%, расходите за здравствена заштита за 6,1%, блок и наменските дотации за 8,2 и субвенции и трансфери за 11,2%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 19.371 милион денари и се повисоки за 53,5% во споредба со истиот период од 2025 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – јуни 2026 година во однос на планираниот износ изнесува 48,3%.

**Табела 3.1**. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари - јуни 2026 година

| | Буџет 2026 | јануари-јуни 2026 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | 374.935 | 169.929 | 8,6% | 45,3% |
| **Даноци и придонеси** | 335.971 | 155.462 | 9,2% | 46,3% |
| Даноци | 211.329 | 95.425 | 9,7% | 45,2% |
| Данок на личен доход | 38.797 | 17.539 | 11,7% | 45,2% |
| Данок на добивка | 26.572 | 13.809 | 14,5% | 52,0% |
| ДДВ | 92.506 | 43.258 | 16,4% | 46,8% |
| Акцизи | 35.838 | 13.949 | -4,1% | 38,9% |
| Увозни давачки | 16.597 | 7.652 | 8,3% | 46,1% |
| Други даночни приходи | 1.019 | -782 | -278,1% | -76,7% |
| Придонеси | 121.822 | 58.752 | 7,5% | 48,2% |
| **Неданочни приходи** | 29.060 | 12.441 | 11,5% | 42,8% |
| **Капитални приходи** | 2.510 | 575 | 20,5% | 22,9% |
| **Странски донации** | 7.394 | 1.451 | -41,9% | 19,6% |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | 414.174 | 206.102 | 10,7% | 49,8% |
| **Тековни расходи** | 374.052 | 186.731 | 7,6% | 49,9% |
| Плати и надоместоци | 52.628 | 25.235 | 8,5% | 47,9% |
| Стоки и услуги | 28.177 | 13.345 | 27,2% | 47,4% |
| Трансфери | 271.970 | 136.149 | 7,0% | 50,1% |
| Социјални трансфери | 206.268 | 101.467 | 9,8% | 49,2% |
| ПИОСМ | 136.420 | 67.457 | 12,1% | 49,4% |
| Паричен надоместок за невработени лица | 3.576 | 907 | 21,7% | 25,4% |
| Социјална помош | 12.459 | 7.616 | 1,7% | 61,1% |
| Здравствена заштита | 53.813 | 25.487 | 6,1% | 47,4% |
| Други трансфери | 62.871 | 33.093 | -1,7% | 52,6% |
| Камата | 21.277 | 12.002 | -4,8% | 56,4% |
| **Капитални расходи** | 40.122 | 19.371 | 53,5% | 48,3% |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | -39.239 | -36.173 | 21,7% | 92,2% |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари-јуни 2026 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари- јуни 2026 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – јуни 2026 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ од 36.173 милиони денари, што претставува 3,2% од проектираниот БДП за 2026 година, односно 92,2% од годишниот план.

**Графикон 3.3.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари-јуни 2026 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари – јуни 2026 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 46.026 милиона денари или 56,5% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (75,4%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 34.686 милион денари или 55,6% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 16,2% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 62,5% (7.478 милиони денари) од планираните за 2026 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 22.914 милиона денари, што е 49,7% од вкупниот буџет за 2026 година. Најголем дел од расходите (54,7%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 12.525 милиони денари или 49,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 23,3%, за што се потрошени 5.347 милиони денари, односно 48,9% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2026 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 8.042 милион денари, што претставува 48,5% од сопствениот буџет за 2026 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 69,8%, за што се потрошени 5.611 милиони денари или 49,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 13,5%. За таа намена беа реализирани 1.089 милиони денари или 37,3% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 5.969 милиони денари што претставува 78,7% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 94,8% во вкупните

расходи, реализирани се 82,6% од планираните средства за цела година, односно 5.659 милиони денари.

Во периодот јануари – јуни 2026 година, Министерството за одбрана реализира 8.961 милиони денари, што е 40,4% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 34,6%, па за таа намена реализацијата изнесува 3.099 милиони денари (46,5% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капитални расходи учествуваат со 30,0% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 2.691 милиони денари, односно 29,6% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – јуни 2026 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 1.632 милиони денари, односно 37,1% од планираните средства за 2026 година. Притоа, Капиталните расходи учествуваат со 48,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 799 милиони денари (67,1% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 4.098 милиони денари или 53,8% од вкупниот буџет за 2026 година. Тековните трансфери до вонбуџетските фондови имаат најголемо учество во расходите со 48,0%, за што се потрошени 1.966 милиони денари или 56,2% од средствата наменети за 2026 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 1.731 милиони денари (52,2% од планираното за годината) и учество од 42,3% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – јуни 2026 година, Министерството за транспорт реализира средства во износ од 10.893 милиони денари, што е 81,4% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 93,8% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (10.220 милиони денари или 83,7% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.074 милиони денари, што претставува 57,5% од предвидените за 2026 година. Плати и надоместоци (456 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 42,5%, а притоа се реализирани 47,8% од планираните. По основ на Капитални расходи отпаѓаат 28,1% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 302 милиони денари или 63,7% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Регистрирани пријави на засснован работен однос и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јуни 2026 година, во Агенцијата за вработување беа регистрирани вкупно 16.253 пријави за заснован работен однос[3]. Во однос на истиот период од 2025 година, бројот на регистрирани пријави е намален за 6,6%.

Од вкупниот број регистрирани пријави за заснован работен однос, 41,5% се однесуваат на вработувања на неопределено време, додека останатиот дел се однесува на вработувања на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број на регистрирани пријави за заснован работен однос во јуни 2026 година, 10,8% се од евиденцијата на невработени.

[3] Во извештајниот период, за едно лице можат да се регистрираат повеќе пријави на засновани работни односи (М-1 обрасци), кои се евидентираат и бројат во вкупниот број регистрирани пријави (Агенција за вработување).

Вкупниот број невработени лица во јуни 2026 година изнесува 129.822, од кои 88.541 лица се активни баратели на работа, а 41.281 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 7,9%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на мај 2026 година, бројот на невработени е зголемен за 2.374 лица.

Најголем дел од активните невработени лица (59,2%) е градско население, а според половата структура 48,5% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 67,3% е со непотполно средно образование или помалку, 25,1% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,4% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 56,1% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 14,6% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

**Графикон 4.2:** Преглед на регистрирани пријави за засновани работен однос
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во мај 2026 година изнесувала 49.544 денари и остварила годишен раст од 8,2%, а во однос на април 2026 година таа е повисока за 1,6%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на мај 2025 година се забележува во следните сектори: Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (11,9%), Уметност, забава и рекреација (11,3%) и Транспорт и складирање (10,9%). Во мај 2026 година, реалните плати забележаа годишен раст од 3,2%. Највисока просечна нето-плата во мај 2026 година била исплатена во секторот Информации и комуникации (90.485 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата бил исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (109.671 денар), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

64.715 денари, секторот Рударство и вадење камен со 61.228 денари и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 59.401 денар.

Просечната номинална бруто-плата во мај 2026 година изнесувала 74.482 денари и споредено со истиот месец од 2025 година пораснала за 8,2%, а на месечна основа таа е повисока за 1,5%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во мај 2026 година во однос на мај 2025 година се забележува во следните сектори: Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината (12,1%), Уметност, забава и рекреација (11,5%) и Транспорт и складирање, Административни и помошни услужни дејности (10,7%).

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, мај 2026 година
*(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Народната банка од декември 2025 година воведе нова оперативна монетарна рамка, при што основен инструмент станаа 7-дневните благајнички записи со каматна стапка од 4%, наместо претходниот инструмент со рок на доспевање од 7 недели и каматна стапка од 5,35%. Со новата рамка, банките добија можност да ги пласираат вишоците ликвидни средства кај Народната банка на седум дена по утврдена каматна стапка, во рамки на јасно дефиниран каматен коридор за краткорочните операции. Во јуни 2026 година, Народната банка ја зголеми основната каматна стапка за 0,25 п.п., од 4,00% на 4,25%, како мерка за дополнително затегнување на монетарната политика во услови на сè уште присутни инфлациски притисоци и зголемена неизвесност.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
(јуни 2026 година)




Извор: НБРСМ.

### Примарни пари

Во јуни 2026 година, примарните пари[4] се зголемија за 0,8% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 1,3% и готовите пари за 0,2%.

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

Во јуни 2026 година, примарните пари се зголемија за 8,2% на годишно ниво, што се должи на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 6,0% и 10,7%, соодветно.

## Депозитен потенцијал[5]

Во јуни 2026 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 2,1% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на претпријатијата се зголемија за 5,2%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,7%.




Од аспект на валутата, споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута се зголемија за 2,2% и 1,9%, соодветно.

Во јуни 2026 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 9,9% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 11,6%, а депозитите во странска валута за 7,3%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 8,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 10,5%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јуни 2026 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***675.593*** | ***2,1%*** | ***9,9%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *416.686* | *2,2%* | *11,6%* |
| *Странска валута* | *258.908* | *1,9%* | *7,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *241.906* | *1,7%* | *6,7%* |
| *Долгорочни* | *168.449* | *1,6%* | *11,2%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***590.849*** | ***1,4%*** | ***13,1%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *392.632* | *1,8%* | *18,7%* |
| *Странска валута* | *198.217* | *0,6%* | *3,3%* |

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| Според рочност: | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *89.648* | *0,4%* | *11,3%* |
| *Долгорочни* | *486.859* | *1,7%* | *14,1%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се зголемија за 6,7%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 11,2%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец изнесува 61,7%.

## Кредити на банките

Во јуни 2026 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 1,4% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на претпријатијата и домаќинствата за 1,4% и 1,3%, соодветно.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 1,8% и 0,6%, соодветно.

На годишна основа, во јуни 2026 година вкупните кредити се зголемија за 13,1%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 14,2% и 12,1%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 18,7%, додека кредитите во странска валута регистрираа раст од 3,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 14,1%, а краткорочните кредити од 11,3%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јуни 2026 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 4,67%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,97%, а каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,1 п.п. и изнесува 4,13%.

Во јуни 2026 година, вкупната каматна стапка на депозитите остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 2,17%. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 2,63%, додека каматната стапка на девизните депозити се зголеми за 0,02 п.п. и изнесува 1,68%.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 4,46%, а на новоодобрените девизни кредити 3,85%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,69% и 2,32%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јуни 2026 година се зголеми за 395% на месечно ниво, како резултат на растот од прометот од блок трансакциите за 4310,4% и прометот од класичното тргување за 34,2%.

Вкупниот промет на берзата во јуни 2026 година изнесува 1.525,2 милиони денари, што претставува раст од 62,1% на годишно ниво.

На крајот на јуни 2026 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 9.521,52 индексни поени, при што на месечно ниво е намален за 2,5%, а во однос на истиот месец претходната година индексот е намален за 9,9%.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на јуни 2026 година е 4.936,35 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 5,2%, а во однос на јуни 2025 година девизните резерви се зголемени за 5,2%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0